**стручен труд**

**УДК: 811.163.3'367.332:37.016 (497.7)**
**811.163.3'367.332(075.2)**
**811.163.3'367.332(075.3)**

# ПРИРОКОТ ВО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА И ВО УЧЕБНИЦИТЕ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ОСНОВНОТО И СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РМ

**Виолета Јанушева**
*Педагошки факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“*
*Битола, Македонија*

**Key words:** predicate, Macedonian language teaching curriculum and textbooks

**Summary:** The predicate is a constitutive part of the sentence and, as such, it is critical for successful syntactic analysis of sentences. Taking into account everyday practice of higher education, it is clear that students have difficulties determining the predicate in sentences. The goal of this paper is clear, it is to examine the causes for the widespread insufficient competency to determine the predicate in sentences in students of higher education. The research has a qualitative paradigm (content analysis). It analyses the Macedonian language-teaching curriculum and textbooks (sample) regarding the predicate in the primary and secondary education in the Republic of Macedonia. It also has a quantitative paradigm, fot it analyses the thoughts and attitudes of 200 students (from all the regions in Macedonia) (sample) which attend the courses of *Modern Macedonian language* and courses of the *Syntax of the Macedonian language* in the Faculty of Education in Bitola. The methods for processing the data and gaining conclusions are analysis, comparison and synthesis. The results show that the Macedonian language curriculum and textbooks are the causes for the students’ insufficient competencies to determine the predicate in a given sentence. The concepts of simple and complex verb predicates and simple and complex predicates that require complement are introduced too late, in the third year of the secondary education (vocational and gymnasium), and they are often explained incorrectly. These finding are confirmed by the survey of students, which shows that most of the students cannot determine the predicate in the sentence, and this refers especially to the complex predicates that require complement. Therefore, students cannot make correct syntactic analysis of sentences. According to the students, the elementary and secondary school’s teachers pay a great attention to literature and neglect grammar.

**Клучни зборови:** прирок, Наставна програма, учебници

**Резиме:** Прирокот е основен конститутивен член на реченицата и од неговото правилно усвојување во наставниот процес зависи успешноста на синтаксичката анализа на реченицата. Ако се има предвид нашата секојдневна наставна практика во високото образование, која покажува дека во реченицата најтешко се открива прирокот, тогаш станува јасна и целта на трудот, а тоа е да се испитаат причините за недоволните синтаксички компетенции на студентите во однос на прирокот во високото образование. Истражувањето има: квалитативна парадигма, односно се анализираат Наставната програма и учебниците по Македонски јазик за основно и средно образование, (примерок), од гледна точка на информациите што во нив се застапени за прирокот; квантитативна парадигма, односно се анализираат ставовите и размислувањата на 200 студенти од сите региони на Македонија, (примерок), кои ги слушаат предметите Современ македонски јазик и Синтакса на македонскиот јазик на Педагошкиот факултет во Битола. Од методите за обработка на податоците и донесување на заклучоци се користат анализа, компарација и синтеза. Резултатите од истражувањето покажуваат дека токму во Наставната програма и во учебниците по Македонски јазик се наоѓаат причините за недоволните синтаксички компетенции на студентите, во однос на прирокот, зашто поимите прост и сложен глаголски и прост и сложен глаголско-именски прирок се воведуваат дури во трета година од средното образование (стручно и гимназиско) и зашто нивното објаснување е многу кратко и погрешно. Овие наоѓања се потврдуваат со резултатите од студентската анкета која покажува дека најголемиот број студенти не знаат да го определат прирокот во реченицата, што, особено се однесува на сложениот глаголско-именски, па, оттука не можат да направат и правилна синтаксичка анализа на реченицата. Според студентите, наставниците во основно и средно образование поголемо внимание му посветуваат на подрачјето Литература и неоправдано го занемаруваат подрачјето Граматика.

**1. Вовед**. Прирокот е основен конститутивен член на реченицата и од неговото правилно усвојување зависи успешноста на синтаксичката анализа на реченицата. Според тоа, во анализата на реченицата се поаѓа од анализа на прирокот во неа. Како што е познато, прирокот во стандардниот македонски јазик, според видот, може да биде глаголски (прост и сложен) и глаголско-именски (прост и сложен). Простиот глаголски прирок може да биде претставен со проста глаголска форма и со сложена глаголска форма. Кога прирокот е глаголски, претставен со проста глаголска форма, тоа значи дека глаголот во функција на прирок треба да биде употребен во една од простите глаголски форми, и тоа, сегашно време, минато определено несвршено и минато определено свршено време: *Вчера* ***отидовме*** *на кино*, ***Учеа*** *за*

*испитот* итн. Кога прирокот е глаголски, претставен со сложена глаголска форма, тоа значи дека глаголот во функција на прирок треба да биде употребен во една од сложените глаголски форми, на пример во идно време, во минато неопределено време и сл.: *Утре* ***ќе одиме*** *на пат*, *Ти* ***си рекол*** итн. Сложениот глаголски прирок, од друга страна, содржи два глагола, и тоа, еден е глагол во да-конструкција (да + сегашно време) која е воведена од фазен, модален или глагол од типот успее: ***Сакам да одам*** *на вечера*, ***Можам да успеам*** *во намерата* итн. Простиот глаголско-именски прирок содржи два дела, глаголски и именски. Глаголскиот дел е претставен преку т.н. глагол-врска (копула) – во таа улога најчесто се наоѓа помошниот глагол сум, а именскиот дел преку именски збор (именка, придавка, заменка, број): *Марија* ***е студентка*** (е – глагол-врска, односно глаголски дел на простиот глаголско-именски прирок и студентка – именка, односно именски дел на простиот глаголско-именски прирок) или *Ние* ***сме убави*** (сме – глагол-врска, односно глаголски дел на простиот глаголско-именски прирок и убави – придавка, односно именски дел на простиот глаголско-именски прирок). Сложениот глаголско-именски прирок, како и сложениот глаголски прирок, се состои од два глагола, при тоа едниот е сум во да-конструкција (да бидам, да бидете), која е воведена со фазен, модален и глагол од типот успее, но содржи и именски збор: *Марија* ***мора да биде храбра*** (мора – модален глагол, да биде – сум во да-конструкција и храбра придавка, односно именски дел на сложениот глаголско-именски прирок) (Минова-Ѓуркова, 2003, стр. 186 – 195).

Нашата секојдневна наставна практика покажува дека студентите запишани на јазични насоки, имаат недоволни синтаксички компетенции во однос на откривање на прирокот во реченицата. Оттука, целта на трудот е да ги испита причините за овие недоволни компетенции во високото образование. За таа цел се анализираат Наставната програма и учебниците по Македонски јазик за основно и средно (стручно и гимназиско) образование, а се спроведува и анкета со која се испитуваат практичната оспособеност на студентите за откривање на прирокот и ставовите и размислувањата на студентите за оваа појава.

**2. Методологија на истражувањето**. Истражувањето има квалитативна парадигма (анализа на содржина), односно се анализираат Наставната програма и учебниците по Македонски јазик за основно и средно образование во РМ, достапни на веб-страницата на МОН (примерок), од гледна точка на информациите што во нив се застапени во однос на прирокот. Во анализата на овие документи се

поаѓа од Синтаксата на Минова-Ѓуркова (2000), односно од поделбата на видовите прирок на прост глаголски (претставен со проста и со сложена форма) и сложен глаголски, како и прост и сложен глаголско-именски прирок. Истражувањето има и квантитативна парадигма, односно се анализираат оспособеноста за откривање на прирокот и ставовите и размислувањата на 200 студенти од сите региони во Македонија (примерок), кои ги слушаат предметите Современ македонски јазик и Синтакса на македонскиот јазик на Педагошкиот факултет во Битола. Инструментот за собирање на податоците е анкетен прашалник кој се состои од анализа на две реченици, една независносложена и една зависносложена и од едно прашање од затворен тип. Од методите за обработка на податоци се употребуваат анализа, компарација и синтеза. Дизајнот на истражувањето е дескриптивен.

## 3. Резултати и дискусија

### 3.1. Основно образование

**3.1.1. Наставни програми за четврто одделение**. Во Наставната програма по Македонски јазик за четврто одделение, во однос на прирокот, се наведуваат целите: да се усвојат поимите подмет и прирок и да се разликуваат подметот и прирокот во реченицата, а се препорачуваат вежби за разликување на подметот и прирокот во реченицата (Наставна програма, 2009а, стр. 11).

**3.1.2. Наставни програми за петто одделение**. Во Наставната програма по Македонски јазик за петто одделение, во однос на прирокот, се наведуваат следниве цели: да се усвои поимот проста реченица; да се препознаваат простите реченици во текстот; да се разликуваат простите од сложените реченици и да се составуваат сложени реченици. Во Програмата, се препорачуваат вежби за составување реченици со подмет и прирок, за препознавање и за составување сложени реченици (Наставна програма, V, стр. 8).

**3.1.3. Наставни програми за шесто одделение**. Во Наставната програма по Македонски јазик за шесто одделение, во однос на прирокот, се наведуваат следниве цели: да се откриваат подметот и прирокот во реченицата, да се препознаваат сложените реченици и да се проширува простата реченица во сложена. Во Програмата, се препорачуваат вежби за препознавање на подметот и прирокот, за составување и препознавање на сложените реченици и за трансформација на простите во сложени реченици (Наставна програма, VI, стр. 8 – 9).

Анализата на Наставната програма по Македонски јазик за вториот развоен период, покажува дека поимот прирок се усвојува токму во

овој период. Во четврто одделение акцентот е ставен на простата реченица, што е, секако, разбирливо ако се има предвид возраста на учениците. Содржините и вежбите во петто и шесто одделение, покажуваат дека на прирокот треба да му се посвети големо внимание, зашто за да може ученикот да состави сложена реченица и да ги разликува простите од сложените реченици, тој неопходно мора да го познава и определува прирокот. Прирокот е основниот реченичен член според кој се препознава дали реченицата е проста или сложена. Барањето простата реченица да се проширува во сложена, треба да се коригира затоа што една проста реченица не може да се трансформира во сложена, туку, како што е познато, од две или повеќе прости реченици може да се состави сложена реченица. Анализата уште покажува дека во Програмата не се именува видот на прирокот.

**3.1.4. Наставна програма за седмо одделение**. Целите на наставата по Македонски јазик во седмо одделение, во однос на прирокот, се следниве: да се разликуваат основните (главни) реченични членови, да се разликува глаголот во личноглаголска форма како оформувач и главен составен дел на реченицата во функција на прирок. Во Програмата, се препорачуваат вежби што се однесуваат на наведените цели (Наставна програма, 2008а: 5 – 9).

**3.1.5. Наставна програма за осмо одделение**. Во Наставната програма по Македонски јазик за осмо одделение, во однос на прирокот, се наведуваат следниве цели: да се разликуваат независносложените од зависносложените реченици; да се разликуваат независносложените реченици (составни, спротивни, разделни, исклучни и заклучни) и да се разликуваат сврзнички и бесврзнички реченици. Во Програмата, се препорачуваат вежби за оформување на независносложени реченици од две или повеќе прости реченици и трансформација на сврзнички во бесврзнички реченици и обратно (Наставна програма, 2008б, стр. 7 – 8).

**3.1.6. Наставна програма за деветто одделение**. Во Наставната програма по Македонски јазик за деветто одделение, во однос на прирокот, се наведуваат следниве цели: да се разликуваат зависносложените реченици (исказни, временски, причински, последични, условни, допунски, односни, начински и целни); да се разликуваат главна и зависна реченица во рамките на зависносложената реченица; да се составуваат зависносложени реченици со поврзување на дел-реченици; да се употребува правилно запирката и да се употребува правилен зборојред. Во Програмата, се предвидуваат вежби за реализирање на наведените цели (Наставна програма, 2009, стр. 7 – 8).

Анализата на Наставната програма по Македонски јазик за третиот развоен период, повторно покажува дека е многу важно да се препознава прирокот во реченицата. Иако само една наставна содржина во шесто одделение се однесува директно на прирокот, разликувањето на независносложените реченици во седмо и на зависносложените реченици во осмо одделение, како и анализата на зависносложените реченици, која за првпат се споменува во осмо одделение, покажуваат дека правилното усвојување на прирокот е императив за реализација на целите во овој развоен период. Треба да се нагласи дека и во овој период, видот на прирокот не се именува. Во Програмата за седмо одделение, (2008а, стр. 5), се нагласува дека ученикот треба „да го разликува глаголот во личноглаголска форма“. Оваа цел треба да се коригира, зашто, од една страна, информацијата за глаголот се повторува, а, од друга страна, нашите сознанија одат во прилог на тврдењето дека е поважно да се објасни што значи личноглаголска форма. Во осмо и деветто одделение, се бара да се разликуваат независносложените и зависносложените реченици во рамките на сложената реченица (Наставна програма, 2008б, 2009, стр. 4). За оваа информација, исто така, е потребна корекција. Имено, сложената реченица се состои од две или повеќе дел-реченици, кои според својот вид можат да бидат зависни или независни. Тоа значи дека не може да се разликуваат независносложените или зависносложените реченици во рамките на сложената реченица, туку само независните или зависните дел-реченици. Во Програмата за деветто одделение, исто така, постои потреба за корекција на поимот допунски, зашто станува збор за допусните реченици. Поимот анализа на реченица се воведува токму во деветто одделение, а оттука произлегува и прашањето зошто Наставната програма предвидува анализа на зависносложените, но не и на независносложените реченици и зошто анализата на реченицата, и на простата и на сложената, не се воведува веднаш по воведувањето на поимот прирок. Нашата секојдневна практика, покажува дека постои огромна потреба од воведување на анализа на реченицата, со акцент на определување и именување на видот на прирокот, уште во вториот развоен период.

### 3.2. Стручно образование – тригодишно

**3.2.1. Наставна програма по Македонски јазик и литература за прва година**. Во Програмата воопшто не се застапени содржини од областа синтакса (Наставна програма, 2013а).

**3.2.2. Наставна програма по Македонски јазик и литература за втора година**. Во Програмата, исто така, не се застапени содржини од областа синтакса (Наставна програма, 2013б).

**3.2.3. Наставна програма по Македонски јазик и литература за трета година**. Во оваа Наставна програма, се опфатени граматичката структура на простата и на сложената реченица. Во рамките на сложената реченица се предвидува усвојување на независносложените и на зависносложените реченици. Во Програмата, се препорачуваат вежби за препознавање на прирокот во реченицата, за проширување на простата реченица во сложена, за составување на независносложени и зависносложени реченици и за нивно препознавање во текст (Наставна програма, 2013в, стр. 5 – 11).

**3.3. Стручно образование – четиригодишно**

**3.3.1. Наставна програма по Македонски јазик и литература за прва година**. Во Програмата не се застапени содржини од областа синтакса (Наставна програма, 2005).

**3.3.2. Наставна програма по Македонски јазик и литература за втора година**. Во Програмата не се застапени содржини од областа синтакса (Наставна програма, 2006).

**3.3.3. Наставна програма по Македонски јазик и литература за трета година**. Оваа Наставна програма, во однос на содржините за прирокот, е идентична со Наставната програма по Македонски јазик и литература за трета година од стручното тригодишно образование (Наставна програма, 2007, стр. 5 – 7).

**3.3.4. Наставна програма по Македонски јазик и литература за четврта година**. Во Програмата не се застапени содржини од областа синтакса (Наставна програма, 2008).

**3.4. Гимназиско образование**

**3.4.1. Наставна програма по Македонски јазик и литература за прва година.** Во Програма не се застапени содржини од областа синтакса (Наставна програма, 2001).

**3.4.2. Наставна програма по Македонски јазик и литература за втора година.** Во Програма не се застапени содржини од областа синтакса (Наставна програма, 2002а).

**3.4.3. Наставна програма по Македонски јазик и литература за трета година**. Оваа Наставна програма, во однос на информациите за прирокот, е идентична со Програмата за трета година од тригодишното и четиригодишното стручно образование (Наставна програма, 2002б).

**3.4.4. Наставна програма по Македонски јазик и литература за четврта година**. Во оваа Програма не се застапени содржини од областа синтакса (Наставна програма, 2002в).

Анализата на Наставната програма по Македонски јазик за прва, втора, трета година и четврта година, во стручното образование, тригодишно и четиригодишно и во гимназиското образование, покажува дека синтаксички содржини се опфатени дури во трета година. Овде, за прв пат се среќава цел која се однесува на препознање на видовите прирок и на негово користење во правилна форма. Оттука, се заклучува дека учениците дури во трета година од нивното образование сознаваат дека има повеќе видови прирок. Имајќи ја предвид нашата секојдневна практика во високото образование, треба да се каже дека воведувањето на видовите прирок дури во трета година не е оправдано, зашто се гледа дека во четврта година, повторно, не се застапени синтаксички содржини. Иако за прв пат се среќава информација дека постојат видови прирок во Програмата, објаснувањето за видовите прирок не е соодветно и прецизно. Имено, во делот Содржини од Програмата се наведува дека треба да се знае глаголскиот и именскиот прирок. Ова објаснување не е прецизна информација, зашто се знае дека само именски прирок не постои, туку дека еден вид прирок е глаголско-именскиот, кој може да биде прост и сложен. Потоа, во делот Поими од Програмата, се споменуваат само прост и сложен глаголско-именски прирок, од што не е јасно кој вид прирок (глаголскиот – прост или сложен) или глаголско-именскиот (прост или сложен), ќе се обработува во учебниците и кој вид прирок треба да го разликуваат учениците. Отсуствуваат и информации за тоа со што се претставени простиот и сложениот глаголски прирок. Исто така, не е прецизно барањето да се прошират одделни прости реченици во сложени, зашто, како што веќе се спомена, не се прошируваат простите реченици во сложени, туку од две или повеќе прости реченици се оформува сложената реченица. Акцентот, како што се гледа, е ставен на составувањето на независносложени и зависносложени реченици. Овие нејасни и непрецизни информации, секако, придонесуваат за квалитетот на учебниците по Македонски јазик, што се пишуваат врз основа на Наставната програма по Македонски јазик.

### 3.5. Учебници за вториот развоен период

**3.5.1. Четврто одделение**. Во учебникот на Севдинска и Настоска (2009, стр. 112) се истакнува дека прирокот е вториот главен член на реченицата и може да се открие ако се поставаат прашањата за тоа што работи подметот, каков е, што се случува со него. По објаснувањето, следи задача во која се бара во неколку реченици да се подвлече

прирокот, а потоа да се подвлече и прирокот во „Валкана училница" на Лилјана Ефтимова, на стр. 103. Поголемиот број примери за прирок во речениците се однесува на простиот глаголски прирок, претставен со проста глаголска форма, меѓутоа, се среќаваат и примери од типот *Нашето училиште **е убаво***, *Рацин **е роден** во Велес*, *Колку **е валкана***, односно примери со прост глаголско-именски прирок. Во учебникот на Кртолица, Митовска и Гавриловска-Аврамовска (стр. 159) се наведува истото објаснување од претходниот учебник, имено дека прирок е оној збор во реченицата кој кажува што прави подметот. Примерите во учебникот се однесуваат на простиот глаголски прирок претставен со проста глаголска форма. Во учебникот на Атанасова (2009, стр. 158 – 160) се наведуваат истите информации од учебникот на Севдинска и Настоска (2009), а во вежбата се бара да се подвлече прирокот. Во сите примери, прирокот е прост глаголски претставен со проста глаголска форма.

**3.5.2. Петто одделение**. Во учебникот на Севдинска и Настоска (2010, стр. 91 – 92) се наведува разликата меѓу простата и сложената реченица, имајќи го предвид прирокот. Потоа, се бара да се најдат простите и сложените реченици во извадокот „Пријателство од Здравко Омерза". Следува вежба во која дадени прости реченици треба да се направат сложени со додавање на еден глагол. Прирокот во примерите е прост глаголски претставен со проста форма, но се среќава и прост глаголско-именски прирок.

**3.5.3. Шесто одделение**. Во учебникот на Велкова и Јовановска (2011, стр. 25 – 28) учениците се потсетуваат на двата главни реченични члена, а акцентот е ставен на создавачкиот член, односно на прирокот и на сложената реченица. Потоа, следува вежба во која се бара дадените прости реченици да се претворат во сложени. Прирокот во примерите е прост глаголски претставен со проста форма.

Од анализата на учебниците по Македонски јазик за вториот развоен период, може да се забележи дека поголемиот број примери за прирок се однесуваат на простиот глаголски прирок претставен со проста форма. Во овие учебници никаде не се споменува поделбата на простиот глаголски прирок, односно учениците го усвојуваат само поимот прирок, а не се споменува ниту податокот дека постои прост глаголски претставен со проста и со сложена глаголска форма. Треба да се истакне дека прирокот е првиот конститутивен член на реченицата, а потоа следува подметот, па според тоа, не е точна информацијата дека е прирокот вториот главен член во реченицата, спомната во учебникот на Севдинска и Настоска (2009) и Кртолица и др. Анализата покажува дека уште во четврто одделение се

упоребуваат примери во кои прирокот е прост глаголско-именски, а за овој вид прирок не постои објаснување. Според тоа, едноставно е да се заклучи дека овој вид прирок ќе остане незабележан и дека учениците нема да го усвојат. Барањето простата реченица да се прошири во сложена, во учебникот на Севдинска и Настоска (2010) и на Велкова и Јовановска (2009, стр. 28) бара нужна корекција, зашто, како што е веќе истакнато, простата реченица не може да се проширува во сложена, туку од две или повеќе прости се оформува сложена реченица. Вежбите за откривањето на неопходните реченични членови и на сложените реченици (Севдинска и Настоска, 2010, стр. 92; Велкова и Јовановска, 2009, стр. 28) ја покажува неопходната потреба од усвојување на прирокот. Поимите глагол и прирок во синтаксата неоправдано се заменуваат меѓу себе, а тоа го покажува вежбата во која се бара да се подвлечат глаголите (Севдинска и Настоска, 2010, стр. 102). Исто така, потребна е корекција на делот глагол во лична глаголска форма, за што веќе се дискутираше.

**3.6. Учебници за третиот развоен период**

**3.6.1. Седмо одделение**. Во учебникот на Димковска и Цветковиќ (стр. 169 – 170) се повторува информацијата „глагол во лична глаголска форма“, која треба да се коригира. Објаснувањето за тоа што е реченица се состои од буквално една реченица. Прирокот во примерите е прост глаголски прирок претставен со проста форма, но тоа никаде не се споменува. Во учебникот на Велкова и Јовановска (2009, стр. 112 – 114) е застапена истата информација за глаголот во лична глаголска форма. Прирокот во примерите е прост глаголски претставен со проста глаголска форма, но оваа информација никаде не се споменува. Потоа, се бара да се посочи прирокот во даден извадок, но меѓу примерите во извадокот се среќава и прост глаголско-именски прирок: *стана уште поголема*.

**3.6.2. Осмо одделение**. Во учебникот на Бојковска, Алексова, Пандев и Гочкова (2009, стр. 41 – 58) акцентот е ставен на структурата на простата реченица. Ова е прв учебник, во кој правилно се потенцира улогата на прирокот како конститутивен член на реченицата, односно се укажува дека содржината на реченицата започнува со содржината на личноглаголската форма (стр. 41). Примерите се однесуваат на простиот глаголски прирок претставен со проста форма, но тој не е именуван, што значи, повторно учениците го усвојуваат само поимот прирок. Во вежбите за откривање на директниот предмет во реченицата се забележува присуство на сложен глаголски прирок, во вежбите за откривање на индиректниот предмет се забележува и прост глаголско-именски прирок, а во вежбите за

удвојување на директниот и индиректниот предмет и прост глаголски претставен со сложена глаголска форма и сложен глаголски прирок. На стр. 54 во овој учебник за првпат се споменува поимот глаголско-именски прирок и се бара да се напише прирок во кој именскиот дел ќе го претставуваат придавки, но претходно не постои никакво објаснување за овој вид прирок. Во рамките на објаснувањето за сложената реченица (2009, стр. 58 – 73), во примерите станува збор за прост глаголски претставен со проста, прост глаголски со сложена и прост глаголско-именски прирок. На стр. 60 веќе се поставуваат конкретни барања, имено да се состават реченици со прост глаголски, сложен глаголски и прост глаголско-именски прирок. Во учебникот нема информација за поделбата на простиот глаголски прирок во однос на тоа со каква форма е претставен. Во учебникот на Велкова и Јовановска за осмо (стр. 35 – 49) меѓу примерите во објаснувањето за синтаксичките содржини се среќава прост глаголски прирок претставен со проста и со сложена форма и сложен глаголски прирок, како и прост глаголско-именски прирок. Во учебникот за осмо на Богдановски (стр. 28 – 32) се наведуваат информации за сложената реченица и за нејзината поделба. Акцентот е ставен на сврзниците што се употребуваат во нив. Меѓу примерите се среќава: прост глаголски претставен со проста форма, сложен глаголски прирок и прост глаголско-именски прирок.

**3.6.3. Деветто одделение**. Во учебникот на Велкова и Јовановска (2010, стр. 28 – 42) акцентот е ставен за зависносложените реченици. Меѓу примерите се среќаваат прост глаголски претставен со проста и со сложена форма, прост глаголско-именски и сложен глаголски прирок. Во објаснувањето за овој вид реченици има погрешна информација, имено поголемиот дел зависни дел-реченици се именувани како исказни, временски, причински, последични и сл. Како што е познато, во една сложена реченица има само дел-реченици кои според видот може да бидат зависни или независни и не може зависната дел-реченица да се нарекува причинска зависносложена, зашто таа заедно со независната ја дава сложената причинска на пример, во која зависната дел-реченица укажува на причината за вршење на дејството. Потоа, барањето да се прошират, на пример, дадени реченици со условни, треба да се коригира – односно прецизно е да се каже дека дадените реченици треба да се прошират со зависна дел-реченица што го изразува условот.

Од анализата на учебниците за третиот развоен период веќе појасно може да се согледа улогата на прирокот во откривањето на сите други реченични членови. Тоа особено се гледа во објаснувањето за

откривањето на предметот во реченицата (Димковска, Цветковиќ, стр. 47; Велкова и Јовановска, 2009, стр. 115; Бојковска и др., 2009). Потребата од претходно воведување на видовите прирок и за нивно именување покажува и учебникот на Бојковска и др. (2009), зашто во него пред учениците се поставуваат конкретни барања во однос на прирокот, и тоа да се состават сложени реченици со прост и сложен глаголски прирок и со прост глаголско-именски прирок. Видовите прирок не се објаснети ниту во еден учебник за третиот развоен период, па, според тоа, може да се заклучи дека тоа зависи само од компетенциите на наставникот, кој треба да ги разјасни дилемите и да понуди правилна интерпретација. Во спротивно, е јасно дека учениците нема да можат да одговарат на барањата и нема да ги усвојат видовите прирок, што, негативно се одразува врз усвојувањето на синтаксичките содржини во натамошното образование.

### 3.7. Средно стручно образование – тригодишно и четиригодишно

**3.7.1. Прва година**. Во учебникот на Тоциновски и Младеноски (2010) не се застапени содржини од областа синтакса.

**3.7.2. Втора година**. Во учебникот на Тоциновски и Младеноски (2010а) не се застапени содржини за прирокот. Индиректно, во рамките на функциите на именките и придавките во речениците, се истакнува дека тие може да го претставуваат и именскиот дел од прирокот (стр. 28, 33), но не постои попрецизно објаснување.

**3.7.3. Трета година**. Учебникот на Бошковиќ и Илиевска (2011, стр. 11 – 51) акцентот го става на реченицата. На стр. 13 за пример е дадена реченицата *Јане **е студент*** и е наведено дека *е студент* го претставува прирокот, но не дадено објаснување за тоа за каков вид прирок станува збор. Во учебникот, меѓу примерите, се среќаваат прост глаголски прирок претставен со проста и со сложена форма и сложен глаголски прирок. Дури на стр. 16 е наведена поделбата на прирокот, и тоа на глаголски (прост и сложен) и на глаголско-именски (прост и сложен), но се наведени несоодветни примери. Единственото објаснување се однесува на глаголско-именскиот прирок, за кој се вели дека содржи глагол-врска и именски дел, а како пример е наведен *Морам да бидеме силни*. Од објаснувањето за тоа дека глаголско-именскиот прирок содржи глагол-врска и именски дел, е јасно дека станува збор за простиот глаголско-именски прирок и соодветен пример би бил: *Марија е ученичка*, *Ние сме добри* итн. Од дадениот пример, во кој е подвлечен само делот *Морам да бидеме* како пример за глаголско-именски прирок, пак, се гледа дека станува збор за сложениот глаголско-именски прирок, кој како што е веќе спомнато,

во случајот е претставен со модален глагол, сум во да-конструкција и именски дел. Според тоа, примерот ***Мораме да бидеме силни*** го претставува сложениот глаголско-именски прирок. На стр. 16, се објаснува дека глаголско-именскиот прирок може да биде и сложен, а се наведува примерот *Ќе настојуваме да бидеме присутни*. Во примерот подвлечен е само делот *Ќе настојуваме да бидеме*, што не е точно, зашто подвлечениот дел се состои од глагол од типот успее и сум во да-конструкција, но недостига именскиот дел. Според тоа, примерот ***Ќе настојуваме да бидеме присутни*** го претставува сложениот глаголско-именски прирок. Информации за поделбата на простиот глаголски прирок, во однос на тоа со што е претставен не постојат. Во рамките на сложената реченица, акцентот е ставен независносложените и зависносложените реченици, на сврзниците и на сврзувачките средства што се употребуваат во нив, прирокот воопшто не се споменува, а не постојат ниту примери за анализирани дел-реченици во рамките на сложената реченица. Исто така, во однос на објаснувањето на зависните дел-реченици (стр. 44) се забележува пропустот кој е веќе коментиран во учебникот на Велкова и Јовановска (2010).

**3.7.4. Четврта година**. Во учебникот на Бошковиќ и Илиевска (2011б) не се застапени содржини од областа синтакса.

Од анализата на учебниците во средното стручно образование, тригодишно и четиригодишно, се гледа дека, како и во Наставната програма, содржини за прирокот се дадени дури во трета година. Анализата јасно покажува дека објаснувањето за видовите прирок е погрешно и дека, доколку наставникот не понуди точна интерпретација, учениците нема да ги усвојат видовите прирок. Тоа, како што веќе се спомена, се рефлектира на усвојување на видовите прирок во високото образование.

**3.8. Гимназиско образование**

**3.8.1. Прва, втора, трета и четврта година**. Учебниците не се анализирани. Тие не се достапни на страницата на МОН поради заштита на авторските права. Ако се има предвид Наставната програма за гимназиското образование, може да се заклучи дека учебниците се напишани според неа, па, оттука, содржини за прирокот се застапени дури во трета година, исто како и во стручното образование.

**3.9. Резултати од спроведената анкета**. Резултатите од анкетата ги потврдуваат веќе наведените констатации за недоволните синтаксички компетенции на студентите. Првото прашање се однесува

на реченицата: *Претпоставувам дека ќе треба да бидете подготвен за состанокот*, во која од студентите се бара да го определат прирокот во втората дел-реченица, да го именуваат и да кажат со што е тој претставен. Загрижувачки е фактот што само триесет студенти правилно го определуваат прирокот, но само неколку од нив, знаат точно да го именуваат и да кажат со што е претставен. Од резултатите се гледа дека најголем проблем претставува определувањето и именувањето на сум во да-конструкција и на именскиот дел. Ова е, секако, резултат на неусвојувањето на видовите прирок во претходното образование. Второто прашање се однесува на реченицата: *Мораме да се обидеме и да внимаваме*, во која од студентите се бара да го определат прирокот во втората дел-реченица и да го именуваат. Разочарува фактот што само дваесетина студенти правилно го определуваат и именуваат прирокот во втората дел-реченица, што, секако е, исто така, е резултат на непосветување внимание на содржините во однос на прирокот во претходното образование. Во однос на третото прашање, студентите треба да одговорат на кое од подрачјата му е посветено поголемо внимание во средното образование, имајќи го предвид нивното искуство. Резултатите се поразителни, односно сите двесте студенти сметаат дека поголемо внимание му се посветува на подрачјето Литература, така што неоправдано се занемарува подрачјето Граматика, и покрај тоа што во Наставната програма за средно образование за двете подрачја се предвидени ист број часови. Тоа, пак, доведува до недоволните синтаксички компетенции на студентите.

**4. Заклучок**. Заклучокот се наметнува само по себе. Потребна е итна ревизија на Наставната програма и на учебниците по Македонски јазик во основното и средното образование, во однос на содржините за прирокот. И во Наставната програма и во учебниците треба да се прецизираат овие содржини и точно да се интерпретираат, зашто квалитетот на материјалот од кој учениците учат е предуслов за нивно усвојување и за подобрување на нивните синтаксички компетенции во натамошното образование.

**Литература:**

Минова-Ѓуркова, Лилјана. 2002. Синтакса на македонскиот стандарден јазик. Скопје: Магор

Митева, Димка. 1995/96. Синтаксичка анализа на македонската реченица. Скопје: Струм-Скоп

**Ексцерпирани текстови**:

Атанасова, Љиљана. (2009). *Македонски јазик за четврто одделение од деветгодишното образование*. Скопје: МОН. http://bit.ly/2oEhFOj, 20.12.2016
Богдановски, Т. *Македонски јазик за седмо одделение осумгодишно основно образование*. Скопје: МОН. http://bit.ly/2ikFHh6, 3.9.2015
Бојоковска, С., Алексова, Г., Пандев, Д., Гочкова, К. (2009). *Македонски јазик за VII одделение за осумгодишно основно образование*. Скопје: МОН. http://bit.ly/2jk62Kz, 3.9.2015
Бошковиќ, Костадинка, Илиевска, Сузана. (2011а). *Македонски јазик и литература за III година средно стручно образование*. Скопје: МОН. http://bit.ly/2oguXVp, 20.12.2016
Бошковиќ, Костадинка, Илиевска, Сузана. (2011б). *Македонски јазик и литература за IV година средно стручно образование*. Скопје: МОН. http://bit.ly/2o8wvQD, 20.12.2016
Велкова, С., Јовановска, С. (2009). *Македонски јазик за VI одделение за основно образование*. Скопје: МОН. http://bit.ly/2jk9W6a, 4.9.2016
Велкова, Снежана, Јовановска, Соња. 2011. *Учебник по македонски јазик за шесто одделение*. Скопје: МОН. http://bit.ly/2nkWSyq, 25.12.2016
Велкова, С., Јовановска, С. *Македонски јазик за VII одделение за основно образование*. Скопје: МОН. http://bit.ly/2iHbFBP, 4.9.2015
Димковска, Б., Цветковиќ, С. *Македонски јазик за VI одделение основно образование*. Скопје: МОН. http://bit.ly/2jkbtJJ, 4.9.2016
Кртолица, Билјана, Митовска, Виолета, Гавриловска-Аврамовска, Весна. *Македонски јазик за четврто одделение за деветгодишно основно образование*. Скопје: МОН. http://bit.ly/2ohu63n,
*Наставни програми за четврто одделение во деветгодишно основно образование*, *Македонски јазик*. (2009а). Скопје: БРО. 3 – 12. http://bit.ly/2nJ9G5y, 2.9.2015
*Наставни програми за петто одделение на деветгодишното основно образование*, *Македонски јазик*. Скопје: БРО. 3 – 9. http://bit.ly/2nfY1YY, 2.9.2015
*Наставни програми за шесто одделение на деветгодишното основно образование*, *Македонски јазик*. Скопје: БРО. 3 – 10. http://bit.ly/2nJ5zXj, 2.9.2015
*Наставна програма по Македонски јазик за VII одделение во деветгодишното основно образование*. (2008а). Скопје: БРО. http://bit.ly/2jENk3S, 2.9.2015
*Наставна програма по Македонски јазик за VIII одделение во деветгодишното основно образование*. (2008б). Скопје: БРО. http://bit.ly/2ih4yzf, 2.9.2015 од
*Наставна програма по Македонски јазик за IX одделение во деветгодишното основно образование*. (2009). Скопје: БРО. http://bit.ly/2ihaSGR, 2.9.2015
*Наставна програма по македонски јазик и литертура*, *I година средно стручно образование со тригодишно траење*. (2013а). Скопје: БРО. http://bit.ly/2ng3krq, 3.10.2015

*Наставна програма по Македонски јазик и литертура, II година средно стручно образование со тригодишно траење*. (2013б). Скопје: БРО. http://bit.ly/2mNHXBk, 3.10.2015
*Наставна програма по Македонски јазик и литертура, III година средно стручно образование со тригодишно траење*. (2013в). Скопје: БРО. http://bit.ly/2o3FKl5, 3.10.2015
*Наставна програма по Македонски јазик и литература, I година средно стручно четиригодишно образование*. (2005). Скопје: МОН и БРО. http://bit.ly/2nsp9Vl, 3.11.2015
*Наставна програма по Македонски јазик и литература, II година средно стручно четиригодишно образование*. (2006). Скопје: МОН и БРО. http://bit.ly/2ovAzam, 3.11.2015
*Наставна програма по Македонски јазик и литература, III година средно стручно четиригодишно образование*. (2007). Скопје: МОН и БРО. http://bit.ly/2nJNyIe, 3.11.2015
*Наставна програма по Македонски јазик и литература, IV година средно стручно четиригодишно образование*. (2008). Скопје: МОН и БРО. http://bit.ly/2nsrkIJ, 3.11.2015
*Наставна програма за Македонски јазик и литература, I година програма за реформирано гимназиско образование*. (2001). Скопје: МОН и БРО. http://bit.ly/2o3HE5a, 5.12.2015
*Наставна програма по Македонски јазик и литература, II година реформирано гимназиско образование*. (2002а). Скопје: МОН и БРО. http://bit.ly/2o3WQzp, 5.12.2015
*Наставна програма по Македонски јазик и литература, III година реформирано гимназиско образование*. (2002б). Скопје: МОН и БРО. http://bit.ly/2o8tRen, 5.12.2015
*Наставна програма по Македонски јазик и литература, IV година реформирано гимназиско образование*. (2002в). Скопје: МОН и БРО. http://bit.ly/2ngE5oG, 5.12.2015
Севдинска, Љубица, Настоска, Весна. (2009). *Македонски јазик за четврто одделение од деветгодишното основно образование*. Скопје: МОН. http://bit.ly/2mU1UGE, 25.12.2016
Севдинска, Љубица, Настоска, Весна. (2010). *Македонски јазик за петто одделение деветгодишно основно образование*. Скопје: МОН. http://bit.ly/2nkFBW9, 25.12.2016
Тоциновски, Васил, Младеноски, Ранко. (2010). *Македонски јазик и литература за I година за средно стручно образование (за сите струки)*. Скопје: МОН. http://bit.ly/2mTNTsC, 20.12.2016
Тоциновски, Васил, Младеноски, Ранко. (2010а). *Македонски јазик и литература за II година за средно стручно образование (за сите струки)*. Скопје: МОН. http://bit.ly/2nkTUtR, 20.12.2016